# Târgu-Mures Децларација, Романија
# Повик за акција

## Târgu-Mures, Романија, 7 ми Октомври, 2005

**EASPD**

**Европската Асоцијација за Услуги на Лицата со Посебни Потреби (EASPD) е претставник на повеќе од 7000 различни организации низ Европа кои се занимаваат со различни пореметувања (вклучувајќи ги и пристапните членки Бугарија и Романија) и претставува глас на секторот за спроведување на услуги во Европа. EASPD се бори за еднакви можности на лицата со попречувања преку квалитетни услуги за нив, и верува во независност и партнерство на организациите, на сите нивоа на корисници на организациите, доставувачите и покренувачите, преку прифаќање на предизвиците кои следуваат.**

**EASPD … се инволвира!**

За само нешто повеќе од 30 години, ЕУ порасна од 6-член ентитет со популација од 185 милиони, во 15-член ентитет со 375 милиони, за да во 2004 одброи 25-члена со 455 милиони граѓани. Агендата на ЕУ предвидива проширување со членството на Романија и Бугарија, а подоцна со Хрватска и Турција одеднаш. EASPD не го гледа ваквото проширување единствено низ економски профит (пример: единствен Европски пазар). Новите членки со себе носат цел низ на нови културни политички структури, но и различни социјални политики. EASPD е убедена дека социјалните НВО треба да играат важна улога во помагање за имплементирање на човековите права низ високо квалитетни услужни системи и гарантирајќи им на новите членови и согласните земји се заинтересирани да го исполнат социјалниот критериум за потполно интегрирање во ЕУ. Социјалните служби се главна потпора во изградба на социјалните кохезија во Европа. Затоа EASPD основа Standing Committee on Enlargement (Постојан комитет за проширување) и го пролагоди статутот за отворен пристап за членство за организации од сите земји во Советот на Европа.
Гледано воопштено секторот за грижа во новопроектираните земји членки не е толку структуиран ниту развиен. EASPD е создаден за да ја споделува својата мрежа и искуства, покривајќи ги подеднакво и новите и придружните членки. На овој начин се поттикнуваат локалните услужни сервиси и нивните активности, истовремено засилувајќи го квалитетот на услуги кон луѓето со посебни потреби. Конкретно EASPD промовираше многу практична grass-root иницијатива: *the twinning initiativ*. Користејќи ја интернационалната мрежна поврзаност на услугите органи и покровителните тела, EASPD ги покани локалните организации од пристапувачките земји да се поврзат соодветни делови во Европската Унија.


EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be
EASPD
European Association of Service providers for Persons with Disabilities

Во 2005 година EASPD превзема значителни чекори во правец кон зацврстување на врските помеѓу услугодавателите во сите Источни и Југо-Источни Европски земји учествувајќи во три важни настани. Во Белград помеѓу 8 и 10-ти Септември (Србија и Црна Гора) организирано од страна на **Handicap International South-East Europe,** фокусот беше ставен на развој на сервисите и давање на поддршка. Во Будимпешта (Hungary, 'Common Voice'), се обидовме да ги идентификуваме заедночките сили (можности), слабостите и потребите на овој сектор во Централна и Источна Европа. За време на конференцијата во Târgu-Mures на 7-ми Октомври (Романија) тамошните стручни лица, услужни служби, истражувачи и други релевантни поддржувачи од двете страни "новата" и "старата" Европа беа поканети да придонесат на семинарот за заедницата и локалните структури на услуги кон лицата со посебни потреби и сервисирања насочени кон лицата со посебни потреби.
Како заклучок од овие настани EASPD во правец на проширување "Târgu-Mures Call for Action" посакува, преку опсервирање, информирање, препораки и специфични предлози, да стане модел за работа во иднината. Усвојувањето на овие заклучоци од страна на сите членки на EASPD се случи на 8-ми Октомври за време на состанокот на Бордот во Târgu-Mures, Романија.
Анализите на постоечката состојба во Источна, Централна и Југоисточна Европа на сите три средби покажа дека сите земји партиципиенти се соочуваат со низа идентични проблеми. EASPD реши да ја стави на услуга својата колективна експертиза со ставање акцент исклучиво на сервисирањето и сите проблематики поврзани со поддршката.
За да се допрат сите овие проблеми, потребна е поголема акција на Национално и Европско ниво:

## 1. Донесување на закони

**<u>Препорака</u>**
**Кохерентен и успешен законски систем** за поддршка на:

- *Развој на секторот за услужни сервиси во сите EEC/SEEC земји;*
- *Развој на НВО и нивните активности како услужни сервиси*

треба да биде усвоено од националните покренувачи. Владите мора да се уверени дека овој законски систем е неоходен и е во согласност со постоечките ЕУ легистлативи, Советот на Европскиот план за акција за попречените и престоечкиот УН (the Council of Europe Disability Action Plan and the forthcoming UN) донесуваат инструменти за промовирање и заштита на правата и дигнитетот на лицата со пречки во развојот.
Посебно внимание треба да се посвети исто така и на развојот на законски систем за заштита на/и еднаквите можности за децата со пречки во развојот, луѓето со тешки и длабоки пречки, Ромите со пречки во развојот и старите луѓе.

**<u>Повик за акција</u>**

<u>ЕУ ниво:</u> 1) ЕУ треба да ја разгледа ефикасноста на сегашната легистлатива и нејзините препораки во насока на спроведување на поддршка на социјалните сервиси и нивните членови и посебно треба да се насочи на делот како ЕУ препораките се вклопуваат во поддршката на луѓето со пречки во развојот.


EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be

Национално ниво: 1) Националните покренувачи мора да ја усвојат легистлативата со цел на спроведување на висококвалитетен сервис за лицата со пречки во развојот;
2) Националните покренувачи мора да ја усвојат легистлативата која го олеснува развојот на услужните сервиси низ развновиден простор на услужувачи кои нудат основен избор и вклученост на корисникот;
3) Националните покренувачи мора да ја гарантираат подготвеноста на мониторинг системот за имплементација и ефективноста на нивните цели.

## 2. Обезбедување на квалитет

**Препораки**

CoE, EU, националните покренувачи и провајдери треба да **гарантираат дека сите сервиси поседуваат соодветни нивоа на квалитет преку усвојување на сет на принципи за квалитет** за сервисите за развој вклучувајќи учество на корисниците. Инструментите за мониторинг треба да бидат развиени и имплементирани во исто време.

**Повик за акција**

ЕУ ниво: 1) ***DG Вработувања, Социјални работи и Еднакви можности*** *треба да организираат интерактивна платформа каде учесниците ќе можат да се сретнат и да разговараат за видот и ефикасноста на QA системите кои би можеле да се имплементираат.*

Национално ниво: 1) Националните покренувачи треба да се интегрираат во нивните законски системи во однос на пружање на осигурување и контрола на квалитет, поддржан од ефективен акредитивен систем и лиценцирање.

Услужни сервиси и НВО: 1) Треба да ги вклучат принципите на квалитет во нивните сервиси и активности, во зависност од значењето на препораките и состојбата на секој регион

## 3. Социјална инклузија и можности за социјални сервиси

**Препораки**

Политичкиот развој во ЕУ не може да завземе место без јасно разбирање на нивото и природата на социјалната потреба на секоја држава, како и **потребата за процена е клучна за политички развој.**

EASPD предлага дека минимум податоци за задоволување на социјалните потреби е потребно да се соберат во секоја држава членка, засновани на соодветен пристап во согласно со Европското ниво.



EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be
EASPD
European Association of Service providers for Persons with Disabilities

**Повик за акција**

ЕУ ниво:

1) *DG **Инстражувањето** треба да помогне во собирање на компарабилни податоци во врска со достапноста на сервисите кои треба да завземат соодветен Европски простап;*
*2) Споредбени податоци во врска со достапноста на сервисите за луѓето со тешки и мултипли пречки се приоритет.*

Национални и Регионални нивоа:

1) Националните покренувачи треба да се вклучат во Националниот План за Акција (NAPs) "потреба од успешни инструменти": Национални Социјални податоци за Минималните потреби треба да бидат договорени од сите поддржувачи.
2) Националните покренувачи треба да го имплементираат овој Национален Систем на Податоци за Минимални Потреби.
3) Локалните покренувачи треба да вклучат во приоритетна листа на сервиси во Плановите за Локална Акција (LAPs), договорена помеѓу давачите на услуги - за сервисите да станат попристапни за лицата со пречки.
4) NAPs и LAPs треба да се фокусираат на состојбата на луѓ ето со тешки и комбинирани попречености како и на децата попречени во развојот.

## 4. Вработување

**Препораки**

Во областа на вработувањето, националните покренувачи треба да **развијат сет за вреднување на мерките на поддршка за да им помогнат на лицата со попречености за да најдат и и за да ја задржат работата** (Достапност и Можност за работни места).

Вработувањето е лост на социјалната инклузија во Европа (cfr. the Lisbon process), но и покрај тоа, статистиката докажува дека лицата со пречки доследно постигнуваат значајно пониска стапка на вработување во однос на остатокот од популацијата.

**Повик за акција**

ЕУ ниво:

1) ***DG Натпреварот** треба да ги препознае потребите и проблемите на шелтер центрите и агенциите за поддршка на вработувањето во Европа, кога се носи нова Државна Регулатива за Помош.*
2) Во нивниот водач за вработување, Европскиот Совет треба да вклучи барање за национални покренувачи кое ќе ги признае постојните финансиски за вработување на лица со пречки во развојот (наречени бенефиции) и да побара решенија.


EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be

<u>Национално ниво</u>: 1)Националните покренувачи треба да презентираат резултати засновани врз истражувачка работа за бенифицираниот зафат;
2) Националните покренувачи треба да развјат поддржани стратегии за вработување;
3) Државните членови и земјите кандидати треба да обезбедат правилна имплантација на новата Држана Регулатива за Помош.

## 5. Едукација и Обука

**<u>Препораки</u>**

Програмите за обука треба да се развијат и/или да бидат достапни од ЕУ и националните покренувачи, од страна на претпоставени **менаџери и директни работници за менаџмент и обезбедување на добри квалитетни социјални сервиси и квалитативни уредувања.** Во врска со едукацијата, националните покренувачи и ЕУ **треба да ја применат Декларацијата од Саламанка за едукација на лицата со посебни потреби и правата за едукација на сите.**

**<u>Повик за акција</u>**

<u>ЕУ ниво</u>: 1) ***DG Едукација и Култура:***
* Како прв чекор треба да ја олеснат работата преку Европската широко прифатена и усогласена Лиценца за гружа како квалификација која ги покрива сите аспекти кои се новина во секторот за грижа, поддржувајќи го соодветниот склоп на вредности, атрибути, знаења и способности;
* Треба да ги следат соодветните предлози кои се однесуваат на понатамошен развој за да ги пренесат можностите испособностите низ секторот со соодветнна ЕС квалификација во негата на повисоки нивоа.
4) Спроведување на програмите можат да ги поддржат размените на искуства во тренинг на главните нешта и на менаџерите на сервисите на секторите за услуги
5) Ние се повикуваме на ***Европската Агенција за Развој на Едукацијата за Специјалните Потреби*** за да посветиме длабоко внимание за праваа на едукација на лицата со комбинирани пречки и комплексни зависни потреби на новите земји членки и земјите кандидати.
6) ЕС треба да ја набљудува имплементацијата на Декларацијата од Саламанка.

<u>Национално ниво</u>: 1) Националните покренувачи треба да ја вградат претходноспоменатата Европска Лиценца за Грижа и да ги интегрираат нејзините принципи во нивната грижа и тренинг систем.
2) Националните покренувачи треба да го прифатат националниот План за Акција за имплементирање на принципите од Декларацијата од Саламанка.


EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be

3) Националните покренувачи треба да гарантираат дека децата со тешки пречки во развојот ќе посетуваат образование преку соодветен едукативен систем. Овде треба да постои и национален систем за набљудување.

Доставувачи на услуги: 1) Треда да доставуваат добро обучени кадри или организации според споменатата Европска Лиценца и принципи за квалитет..

## 6. Поврзување и вложувачки пристап

**Препораки**

CoE, EU и националните покренувачи треба да придонесат во **создавањето на врски и сервисни провајдери** и **да го олеснат поврзувањето како средство за градење на капацитет** во Европа.

**Повик за акција**

CoE ниво: 1) Сите вложувачи треба да бидат присутни во сите работни групи и структури на CoE посебно во комитетот на Рехабилитација и интеграција на луѓето со попречености (CD-P-RR);

ЕУ ниво: 2) Состаноците на DG Enlargement, Социјалните работници и еднаквите можности и восокото ниво на групи за попреченост треба да бидат отворени за сите релевантни вложувачи при што треба да се организираат и тематски состаноци најмалку два пати годишно.

Национално и регионално ниво: 3) Националните и регионалните/локалните покренувачи треба да придонесат во национално продолжување на националната толеранција на попреченоста во која треба да бидат вклучени провајдерите.

Сервиси провајдери: 4) Треба да се организираат во федерации и организации на национално/регионално ниво.

## 7. Владини принципи

**Препораки**

Прифаќање во пракса на владините принципи - **отвореност, учество, кохерентност, пресметливост, ефективност - претставени во Белата книга на Европското владеење 'COM (201) 428 final'** од владините структури и тела и невладините организации (НВО) во секојдневната пракса, е неопходно за добар квалитет во давањето на услуги и импементација на осигурувањето.



EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be
EASPD
European Association of Service providers for Persons with Disabilities

**Повик за акција**

| | |
|---|---|
| ЕУ ниво: | 1) EU треба да ја имплементира Белата книга на владеење во сите аспекти и клучни моменти на поврзување на сите вложувачи со обврска да им дава консултации за главните цели. |
| Национално ниво: | 1) Независните тела треба да ја надгледуваат имплементацијата на владините принципи во насока на борба против корупцијата и недостатокот на конкуренција во сите области во сите Европски земји. |

## 8. Лично ориентирани услуги и општествено засновани подесувања

### Препораки

CoE, EU националните авторитети треба да ја прифатат **Европската рамка за воспоставување на општествено засновани уредувања и лично насочени сервиси** употребувајќи методологија чекор-по-чекор и пристапност на поддржување.

**Повик за акција**

| | |
|---|---|
| CoE ниво: | 1) Треба да се фокусира на развојот на јасни предлози за промени усогласени меѓу поддржувачите. |
| ЕУ ниво: | 1) EU треба да се фокусира на истражувања на механизмите кои можат да помогнат во прогресивното разградување на големата низа на институционални сервиси со замена за мали, локални сервиси кои ги овозможуваат корисниците и нивните семејства.<br>2) Донирањето треба да биде во насока на поддршка на "чекор-по-чекор процесот на деинституционализација. |
| Национално ниво: | 1) Националните поддржувачи треба да го спроведат Националниот план за акција за развој.<br>2) Треба да се спроведат истражувања за причините за проблемите во лично насочување на услугите и општественото засновање како и притисоците и процедурите кои бараат големи размери. |
| Сервисни провајдери | 1) Треба да се уверат себе си во правењето на промени како што е лично насочената услуга и општествените промени, кои би биле помогнати од EASPD. |



EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk

Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be

## 9. Органи и трговија со луѓе

**<u>Препораки</u>**

Многу често лицата со потешкотии имаат проблем во наоѓање на донатори на органи. **На Европа потребна и е соодветна стратегија за органи-човечки ресурси**. Крв и деривати на крвта, се неопходни во модерната медицина. Лицата со попречености имаат апсолутни права да ја контролораат употребата на нивната крв и органи и не смеат да бидат присилувани да донираат. Оваа препорака е морално неопходна и потребно е да се превземат повеќе акции на ова ниво.

**<u>Повик за акција</u>**

<u>ЕУ ниво:</u>

1) ЕС треба да ги прегледа потребите и правата на лицата со пречки во насока на два нови правци во однос на квалитетот на крвта и дериватите од крв.
2) Потоа следува **Забраната за трговија со луѓе - интегриран пристап и барања за акционен план** кој треба да се фокусира и да превземе активности во однос на ситуацијата на попречените лица.

<u>Национално ниво</u>:

1) Агенциите за провајдери чадори и групите корисници треба да ги објават било какви трговии на нивните национални покренувачи и набљудувачи, што се случува потоа. Доколку не можат да се справат со проблемите тоа треба да го објават на ЕС и EASPD.

## 10. Еднаков пристап кон здравствените сервиси за луѓето со попреченост

**<u>Препораки</u>**

Постои јасен доказ дека луѓето со пречки во развојот често добиваат посиромашна здравствена помош во однос на целата популација. ЕС широката акција е неопходна да ги поттикне членките држави и нивните граѓани за превземање на ефективна акција која е неопходна да се превземе за да се отстрани таквото однесување.

**<u>Повик за акција</u>**

<u>ЕУ ниво:</u>

**1)** ***DG Health***: истражувањето треба да биде спроведено за да го разоткрие овој проблем и да разоткрие што може да се стори за да се промени ваквата тенденција.
2)ЕС треба да го разјасни најефикасниот метод за спроведување на такви акции низ ЕС.

<u>Национално ниво</u>:

1) Земјите членки треба да вклучат ефективни стратегии во убедувањето дека таква дискриминација не треба да се случува во здравствениот систем и да се набљудува ефикасноста на предлозите.



EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk

Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be

EASPD
European Association of Service providers for Persons with Disabilities

| | |
|---|---|
| Провајдерски нивоа | 1) Провајдерите на локално и национално ниво треба да соработуваат со корисниците, со нивните семејства и да ги поддржат организациите да ги набљудуваат локалните практики и да пријават било каква дискриминација.<br>2) Националните покренувачи треба да инсталираат набљудувачки систем за да ги уверат луѓето со попречености во еднаквите права во донирање на крв и органи. |

## 11. Финансиски можности

**Препораки**

**CoE, EC и националните поддржувачи треба да ги координираат нивните активности и постигнувања во насока на предвидување на структурни финансирања** за развој на сервисите и имплементација на принципите за квалитет..

| | |
|---|---|
| CoE ниво: | 1) Треба да ја подигнат свесноста за потребите за структурни промени и интеграција во акциониот план за попреченост. |
| ЕУ ниво: | 1) ЕС да предвиди посоодветни капитални средства за потребите на изградба на сервиси за услуги на лицата со попреченост низ постоечките програми како што се PHARE, CARDS, IPA структурните фондови и новите програми на PROGRESS. |
| Национално ниво: | 1) Националните покренувачи да овозможат кохерентни и постојани фондови кои ќе ги ппокријат сите трошоци на основните услужни сервиси, во согласност со приоритетната листа спомената во рамките на Препораки 3. |

Прифатено од партиципиентите на 'EASPD goes East' event – Târgu-Mures, 7 Октомври 2005 и од EASPD Бордот на 8 Октомври 2005

EASPD, Târgu-Mures
Романија



EASPD - European Association of Service Providers for Persons with Disabilities
Oudergemlaan 63
B – 1040 Brussels
Website: www.easpd.org
Translation: J. I jasiv@freemail.com.mk
Tel: +32 2 282 46 10
Fax: +32 2 230 72 33
E-mail: info@easpd.be